# ДЕВИЗИ И ВАЛУТИ

Во соработка со
НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Често се среќаваме со поимите девизи и валути, можеби некој од вас и знае што значат тие, но јас би сакал да ви објаснам малку подетално. Сигурно знаете дека кога одите во странство не можете да плаќате со нашите македонски денари, туку ви требаат други странски пари. На пример, кај нашите соседни држави ни требаат: за Србија - српски динари, за Албанија - албански леки, за Бугарија - бугарски левови, за Грција - евра. Тие претставуваат валути.



Дефиницијата за поимот валута е дека таа го претставува паричниот систем на некоја земја земен во целост (златна, сребрена, книжна валута) и паричната единица на некоја земја (долар, евро, франк, денар итн.).

Кога треба да се направи размена на две валути, како што тоа го правиме во банка или менувачница, на пример, купуваме евра за денари или обратно.

Едноставен пример, 1 евро = 61 денар, значи 100 евра = 6100 денари




Во овој случај првата валута е евро, а втората е денар и гледаме колку еврото вреди во однос на денарот.



## ВАЛУТИ



Поимот валута датира уште од старо време на Блискиот Исток и средниот век кога со нив се тргувало. Од ова заклучуваме дека валутата е единица за размена која го олеснува трансферот на стоки и услуги. Најмногу застапуваните валути во тргувањето како што се: американскиот долар, јапонскиот јен, еврото, британската фунта, швајцарскиот франк и канадскиот доллар, веќе ни се познати. Секоја земја има контрола над сопствената валута преку централната банка, како што за денарот е Народната банка на Република Македонија. Меѓутоа има исклучоци од ова правило, да го земеме еврото за пример: некои земји користат иста валута, на пример евро користат земји кои се дел од еврозоната на Европската Унија, исто така државите можат да ја прогласат валутата на друга земја или регион како свое законско средство за плаќање, како што е случајот со Црна Гора.


евро


американски долар


швајцарски франк


британска фунта


јапонски јен


австралиски долар

## ДЕВИЗИ

Откако научивме што претставува поимот валута, да научиме што претставува поимот девиза. Познати ни се фразите „купување девизи“ и „продавање девизи“. Девизи се



платежните средства издадени во странска валута што се користат обично за плаќање во странство. Односно девиза е секое побарување во странска валута. Тоа побарување може да биде во облик на меница, чекови и др.



наш свет
Забавник за млади
Излегува секоја втора среда во текот на учебната година

Година LV
Број 1775 (13)
април 2014
Учебна 2013-2014
Цена 40 денари

ПРОСВЕТНО ДЕЛО АД Скопје
За издавачот
Генерален директор:
м-р Павле Петров

Издава: Редакција ДЕТСКА РАДОСТ
Одговорен уредник: Билјана Чадиковска
Ликовно–графички уредник: Давор Драмиќанин
Технички уредник–дизајнер: Горан Павловски

Писател: Горјан Петревски
Лектор: Љубица Севдинска
Адреса на Редакцијата: „Димитрие Чуповски“ 15 1000 Скопје ПОШТ. ФАХ 6
и-мејл: nassvet2004@yahoo.com

ТЕЛЕФОНИ
Централа: (02) 31 17 255
Комерцијала: (02) 20 41 520
Телефакс: (02) 31 29 402
Жиро-сметка: 2500000000897-39
Шпаркасе Банка Македонија АД - Скопје
ЕДБ: 4030990209597
Банка депонент : Шпаркасе Банка Македонија АД - Скопје
Печати: „Европа 92“ Кочани
Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Министерството за образование и наука на Република Македонија со Решение број 11-5300/5, дава согласност за употреба на списанието за деца „НАШ СВЕТ“ во воспитно-образовната работа во основните училишта во Република Македонија.